Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-5683/1
05.12.2025 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24) и член 18, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а во врска со член 58 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/07, 03/09, 18/10 и 01/21) донесувам:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 5-та седница на**
**Советот на Општина Велес**

Седницата ќе се одржи на ден 12.12.2025 година (петок) во просториите на Општина Велес со почеток во 10:00 часот.

Усвојување на Записник од 4-та седница на Советот на Општина Велес;

За седницата го предлагам следниот :

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на донација од ДПТУ „ПОДОДЕКОР“ ДОО Велес;
2. Предлог – програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2026 година;
3. Предлог – План за изменување на План на Програма за развој (Реконструкција на фасада на ССОУ „Димитрија Чуповски“ и фасада и кров на спортската сала на ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес) во 2026 година;
4. Предлог - План за изменување и дополнување на План на програма за развој(Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2026 година;
5. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година;
6. Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година;
7. Нацрт – Буџет на Општина Велес за 2026 година;
8. Предлог–одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2025/2026 година;
9. Предлог – решение за давање позитивно мислење на Статутот на ООМУ „Стефан Гајдов“ Велес
10. Предлог – програма и план за работа на ЗЈП „Стационар Шепа“ Кавадарци со предлог Буџет и финансиски план на ЗЈП „Стационар Шепа“ Кавадарци за 2026 година;
11. Предлог – решение за именување заменици – претседатели на постојаните комисии на Советот на Општина Велес;
12. Предлог – решение за престанок на мандат на членови во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво;

13. Предлог – решение за именување членови во Општинскиот совет за превенција од детско престапништво;
14. Предлог – решение за престанок на мандат на член на Училишен одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, претставник на Општина Велес;
15. Предлог – решение за именување член на Училишен одбор на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес, претставник на Општина Велес;

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Советот на Општина
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС